**20261111631**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 2026 година.

Бр. 08-3514/1
19 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Член 1

Во Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21), во член 46 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Доколку Изборното собрание не биде закажано во рокот уреден со ставот (3) на овој член, Изборното собрание се закажува и по истекот на рокот од ставот (3) на овој член, по барање на најмалку една третина од членовите на Комората со важечка лиценца за медијатор.“.

Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11) стануваат ставови (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12).

Член 2

Во член 51 ставот (2) се менува и гласи:

„Советот издава лиценца на лице кое ќе достави доказ за положен испит за медијатор издаден од Министерството за правда и кое поднело барање за издавање на лиценца.“.

Член 3

Во член 55 во ставот (3) зборот „симулација“ се заменува со зборот „студија“.

Ставот (9) се брише.

Член 4

Насловот на член 65 и членот 65 се менува и гласи:

„Мандат на членовите на Советот, престанок на мандатот и разрешување на членовите на Советот

Член 65

(1) Членовите на Советот се именуваат за време од четири години, со право на уште еден последователен избор.

(2) Мандатот на член на Советот престанува:

- во случај на смрт,
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци или ако му е изречена забрана за вршење на професија, должност или дејност, со правосилноста на пресудата и
- по лично барање.

(3) Член на Советот се разрешува:

- во случај на отсуство на две последователни седници на Советот без најава и образложение или на кои било пет седници за кои бил навремено и уредно известен,
- ако настапи случај на неспојливост со функцијата член на Советот согласно со закон,
- ако со правосилна судска одлука му биде одземена или ограничена деловната способност и
- доколку врши медијаторски работи.

(4) Решението за престанок на мандатот од ставот (2) на овој член или за разрешување од ставот (3) на овој член, го донесува Владата на Република Северна Македонија.“.

Член 5

(1) Лицата кои до денот на влегувањето во сила на Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21) се стекнале со лиценца за извршување на медијаторски работи согласно со одредбите од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ број 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), а не поднеле барање за замена на временски ограничените лиценци со лиценци на неопределено време во рокот утврден во членот 68 од законот, имаат право во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да поднесат барање до Советот за замена на лиценците.

(2) При поднесување на барањето од ставот (1) на овој член, лицата се должни да приложат само копија од претходно издадената лиценца, без повторно доставување доказ за положен испит за медијатор.

(3) Право да поднесат барање од ставот (1) на овој член имаат и медијаторите кои медијаторските работи ги имаат ставено во мирување поради вршење на друга неспојлива функција или дејност.

(4) Медијаторите кои не можат да ги извршуваат медијаторските работи поради вршење на неспојлива функција или дејност, имаат право да продолжат со извршување на медијаторските работи по престанувањето на причината за неспојливост.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.